The Institute of
Internal Auditors
North Macedonia

**ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ**
**НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВНАТРЕШНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

| | |
|---|---|
| **Наслов:** | Собрание на Здружението на внатрешни ревизори на Република Северна Македонија |
| **Датум и време:** | 26.05.2025 година, 15 ч. |
| **Претседавач со собранието:** | Весна Пауновска Петроска |
| **Достава и пристап до записникот:** | До сите членови на Здружението на внатрешни ревизори на Македонија објавено на веб сајтот |
| **Доставени материјали:** | Материјалите беа доставени на веб сајтот на ЗВРРСМ www.aiam.org.mk |
| **Присутни членови:** | 11 членови |
| **Записничар:** | Билјана Јанеска |

На ден 26.05.2025 година во 15ч се одржа Собрание на Здружението на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија во просториите на Економскиот факултет во Скопје.

Бидејќи кворумот за работа на Собранието се обезбедува со присуство на 50% плус еден член од вкупниот број на членови, а на ова Собрание бројот на членови беше под 50%, седницата се одложи половина час, онака како што е пропишано во Статутот и потоа започна на истото место и со истиот Дневен ред.

Седницата ја отвори и ја водеше член на Управниот одбор на ЗВРРСМ Весна Пауновска Петроска, Записничар беше Билјана Јанеска.

На седницата присуствуваа 10 членови на ЗВРРСМ кои едногласно го прифатија предложениот Дневен ред.

Следните точки, во рамките на Дневниот ред беа предмет на дискусија на Годишното Собрание на ЗВРРСМ:

1. Усвојување на Записникот од претходното Собрание на 16.12.2024 година
2. Усвојување на Одлука за констатирање престанок на функција на член на Управен одбор на Здружение на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија
3. Усвојување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗВРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ЗВРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година
4. Информација за формирање на Комисија за поддршка на внатрешната ревизија во јавниот сектор
5. Разно

Дискусии по точките на дневниот ред:

1. **Усвојување на Записникот од претходното Собрание на 16.12.2024 година**

Записникот од претходната седница на Собранието беше ставен за усвојување. Записникот беше едногласно усвоен од сите присутни членови на Собранието. Немаше забелешки.

2. **Усвојување на Одлука за констатирање престанок на функција на член на Управен одбор на Здружение на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија**

Согласно барањата на Централниот регистар за ажурирање на Тековната состојба на здружението се носи Одлука за констатирање престанок на функција на член на Управен одбор на Здружение на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија.
Весна Пауновска Петроска, образложи дека иако Пане Илиев поднесе оставка на 17.09.2023 година предлог измените во Централен регистар потребно е формално донесување на Одлука со цел да се ажурира тековната состојба во Централен Регистар поради релативно краткиот рок (30 дена од денот на усвојување на Собрание).

Беше поставено прашање за бројот на членови во Управен Одбор, кој според статут е до 9 члена, односно тековниот број на 8 членови е соодветен.

Одлуката беше едногласно изгласана и усвоена.

3. **Усвојување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗВРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ЗВРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година**

Претседавачот ги поредложи за усвојување Годишната сметка и финансиските извештаи на ЗВРРСМ за годината која што завршува на 31 декември 2024 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи за годината која што завршува на 31 декември 2024. Според мислењето на овластената ревизорска куќа ЈВК доо Скопје за финансиските извештаи е добиено чисто ревизорско мислење.
Весна Пауновска Петроска објасни дека во текот на годината како дополнителна сметководствена активност е извршен отпис на побарувањата од купувачи поради ненаплатливост и дупло прокнижени фактури.
Годишната сметка и финансиските извештаи на ЗВРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ЗВРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година беа едногласно изгласани и усвоени.

4. **Информација за формирање на Комисија за поддршка на внатрешната ревизија во јавниот сектор**

Претседавачот на Собранието објасни дека беше отворен конкурс за пријава на членови во Комисијата за поддршка на внатрешната ревизија во јавниот сектор. Членови во Комисијата се: Родна Скендеровска – Триглав осигурување, Марија Канатларова – Еразмус, Марија Благоева - АФПЗРР и Виолета Крстевска – Детска Клиника.

Беше поставено прашање за структура на Комисијата, претседавачот објасни дека се формира прв пат по иницијатива за помош на ревизорите во јавниот сектор.

Колегите ревизори од Град Скопје ја образложија состијбата на ревзијата во нивната институција и покажаа инцијатива за активирање за актутелни прашања во јавниот сектор.

Валон Омери го објасни континуираниот напор за соработка со Министерството за финансии.

Од учесниците беа побарани обуки за раководниот кадар во службите за ревизија во јавниот сектор.

5. **Разно**

Под точка разно немаше отворени прашања и дискусија.

Бидејќи беа исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот ја затвори седницата.

Претседавач на Собранието:

_____________________
Весна Пауновска Петроска

26.05.2025 Скопје